| 2 | | Водоснабдување фаза1 чекор 2 | КФВ -Банка | ден | 38.073.751 | 2 | 20 г., | 1 г. | 36.477.303 | да | в | 20.12.2019 | 20.12.2039 | 20.06.2020 | 20.12.2039 | 953.874 | 339.061 | 20.12.2021. | 0 | 0 | | 953.874 | 339.061 | 34.506.150 | 34.506.150 | ЈП Комуналец |
| 3 | | Набавка на опрема | ЦК Банка | ден | 8.000.000 | 4 | 5 г. | 1 г. | 7.691.556 | да | а | 04.11.2020 | 04.10.2024 | 04.11.2019 | 04.10.2024 | 480.716 | 61.180 | 06.12.2021. | 480.716 | 61.180 | 06.12.2021. | 0 | 0 | 6.277.872 | 5.797.156 | ЈП Паркинг Кавадарци |
| 4 | | Набавка на опрема | Комерцијална банка | ден | 20.000.000 | *3,88* | 5 г. | 0 г. | 20.000.000 | да | а | 14.08.2018. | | 14.08.2018 | | 1.011.510 | 86.928 | 31.12.2021. | 1.011.510 | 86.928 | 27.12.2021. | 0 | 0 | 11.126.601 | 10.115.091 | ЈП Комуналец |
| 5 | | Изградба на мини хидро централа | ЦК Банка | ден | 22.000.000 | | | | 4.015.013 | да | а | | | | | | | | | | | | | 0 | 4.015.013 | ЈП Комуналец |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Лице за контакт
Име и презиме и телефонски број Тони Петров , тел. 071-219-572

Овластено лице (печат и потпис):

* а)месечно; б)квартално; в) полугодишно; г) годишно; д) друго;
** Податоците се однесуваат на главнина на долгот

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

| | |
|---|---|
| Бр.09-657/2 | ОПШТИНА КАВАДАРЦИ |
| 31.01.2022 година | ГРАДОНАЧАЛНИК, |
| Кавадарци | м-р Митко Јанчев |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 6 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/2002 ),

член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци“ бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата седница, одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци со арх.бр.08-7333/50 од 24.12.2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.5/21), се врши следното изменување и дополнување:

-Член 2 СЕ МЕНУВА и гласи:

„ Буџетските средства се наменети за подршка на :

-професионален спорт–професионални акционерски друштва регистрирани на подрачјето на Општина Кавадарци;

-општински сојуз на училишен спорт;

-училишни спортски клубови;

-спортски клубови и здруженија од областа на спорт и

- Сојуз на спортови - манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци„.

-Член 4 СЕ МЕНУВА и гласи:

„ Распределбата на финансиските средства за спортски клубови и здруженија од областа на спорт се врши врз основа на Јавен повик објавен од страна на Градоначалникот на општината на Веб страната на општината и во средствата за јавно информирање во општина Кавадарци.

Јавниот повик се распишува на почетокот на календарската година.

Комисијата за спорт ке одобри финансиски средства без бодирање согласно финансиските потреби на следните апликанти:

-професионален спорт–професионални акционерски друштва регистрирани на подрачјето на Општина Кавадарци, во кои општината има акционерски капитал Комисијата за спорт ќе одобрува финансиски средства без бодирање, согласно финансиските потреби од вкупниот нивен расход по соодност на максимален процент на акции кои ги поседува Општина Кавадарци;

-општински сојуз на училишен спорт;

-училишни спортски клубови;

-Сојуз на спортови.

За сите останати апликанти по Јавниот повик за тековната година, Комисијата за спорт ке одобри финансиски средства согласно критериумите на овој Правилник.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-347/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.01.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

РЕШЕНИЕ
**за објавување на**
**Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година со Заклучок**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022година со Заклучок, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-657/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.01.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 6 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/2002 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци“ бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата седница, одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година

ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 се :

-Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот;
- Создавање на услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата од областа на спортот;
- Афирмација на Општина Кавадарци како развиен спортски центар во Република Северна Македонија и надвор од неа;
- Афирмација на Општина Кавадарци во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

АКТИВНОСТИ

Програмата за активностите во областа на спортот се состои од активности за:
-Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Кавадарци

Општина Кавадарци ќе ги поддржува активностите на спортските клубови и индивидуални спортисти регистрирани на подрачјето на Општина Кавадарци преку објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци на спортски здруженија и спортисти, а средствата ќе се доделуваат согласно Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на спортски здруженија и индивидуални спортисти од буџетот на Општина Кавадарци.

Поддршка и развој на училишен спорт со реализирање на спортски активности и систем на натпревари на учениците.

Во насока на унапредување на училишниот спорт Општина Кавадарци ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на Општина Кавадарци.

Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.

Општина Кавадарци ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните и на лицата со посебни потреби на општината. Рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината.

Сојузот на спортови на град Кавадарци ќе ги финансира манифестациите од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на континуитетот како и поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Кавадарци.

Поддршка на дополнителни програми и проекти на останати спортски организации и спортски друштва кои се од интерес на Општина Кавадарци.

Општина Кавадарци ќе ги поддржува професионалните акционерски друштва кои ја претставуваат општината на меѓународната спортска сцена, спортско-рекреативни активности на лица со посебни потреби, женски спортски здруженија/клубови кои немаат матични спортски федерации.

Креирањето и финансирањето на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади е врз основа на Правилник за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци бр.08-7333/50 од 24.12.2021 година („Сл.гласник на општина Кавадарци„ бр5/21).

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Кавадарци ќе ги превземе сите активности и ќе ги стави на располагање сите свои човечки и технички ресурси.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Спортските активности утврдени со оваа Програма се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022година , во вкупен износ од 12.000.000,00 денари.

Распределбата на средствата е извршена врз основа на Јавниот повик за прибирање на апликации за финансиска подршка од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, наменети за спортски клубови, професионални клубови регистрирани на територија на општина Кавадарци со арх.бр.09-90/1 од 05.01.2022 година кои согласно Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапкатаза распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и поддршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци бр.08-7333/50 од 24.12.2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.5/21“), и тоа на следните апликанти се бодираат:

| АПЛИКАНТ | **Финансиски средства** |
|---|---|
| 1. Здружение на граѓани Женски Кошаркарски Клуб „ТРОКАЛ“ Кавадарци | 238.000,00 ден. |
| 2. Карате клуб „КАВАДАРЦИ“ Кавадарци | 128.690,00 ден. |
| 3. Здружение Атлетски клуб „Кавадарци„ Кавадарци | 128.690,00 ден. |
| 4. Џудо клуб „КОЖУВЧАНКА” КМ-КМ Кавадарци | 105.980,00 ден. |
| 5. Здружение Ракометен клуб „ТИКВЕШ ЈУНИОРИ 2012“Кавадарци | 119.000,00 ден. |
| 6. Карате клуб “Тиквеш“ Кавадарци | 105.980,00 ден. |
| 7. Здружение„КИК БОКС КЛУБ БУДО“ Каваадрци | 98.410,00 ден. |
| 8. Стрелачки клуб „КАВАДАРЦИ“ Кавадарци | 60.560,00 ден. |
| 9. Здружение за слепи и слабовидни лица “ВИЗИЈА“ Кавадарци | 37.850,00 ден. |
| 10. Здружение Кошаркарски клуб АКАДЕМИК Кавадарци | 74.400,00 ден. |
| 11 Здружение Тениски клуб „ЦРНА РЕКА“ – Кавадарци | 98.410,00 ден. |
| 12. Здружение Карате клуб „Сансаи„ Кавадарци | 143.830,00 ден. |
| 13. Здружение ‚ПАРТИЗАН – СРНИ“ Кавадарци | 128.690,00 ден. |

| | |
|---|---|
| 14. Здружение на граѓани Карате клуб „ЕЛЕН-ЕДЕН“ Кавадарци | 121.120,00 ден. |
| 15. Здружение за кошарка „КК ЈАСМИН – 95“ Кавадарци | 193.000,00 ден. |
| 16.Здружение спортски клуб за нуркање и пливачки активности„Крачовица„ | 37.850,00 ден. |
| 17. Спортски риболовен клуб „Оскар“- Кавадарци | 45.420,00 ден. |
| 18.Здружение на граѓани „НИНЏУТСУ КЛУБ ТАТСУЏИН“ – Кавадарци | 90.840,00 ден. |
| 19. Здружение Кошаркарски клуб “ПРО БАСКЕТ БАЛ “Кавадарци | 208.000,00 ден. |
| 20. Пинг-понгарски клуб „Кавадарци“ Кавадарци | 105.980,00 ден. |
| 21. Кошаркарски  клуб „ВЕТЕРАНИ“ Кавадарци | 29.700,00 ден. |
| 22. Здружение Кошаркарски клуб „СПОРТИСИМО БАСКЕТ“ Кавадарци | 133.965,00 ден. |
| 23. Аеро клуб „ВИТАЧЕВО“  Кавадарци | 60.560,00 ден. |
| 24. Планинарско спорско друштво „ОРЛЕ“ -Кавадарци | 52.990,00 ден. |
| 25. Здружение „Тиквешки Точакџии“ Кавадарци | 37.850,00 ден. |
| 26. Здружение Планинарски клуб „ЗЕЛЕН БРЕГ„ Кавадарци | 37.850,00 ден. |
| 27. Здружение Карате клуб “РОНИН КАИ КАН“  Кавадарци | 37.850,00 ден. |
| 28. Фудбалски клуб “МАРЕНА“ с.Марена | 101.240,00 ден. |
| 29. Фудбалски клуб „СОПОТСКО ПОЛЕ“ с.Сопот | 44.600,00 ден. |
| 30. Здружение атлетски клуб „ОЛИМПИЈА 2019“ Кавадарци | 151.400,00 ден. |
| 31. Фудбалски клуб “ГАБЕР “ с.Ваташа | 29.700,00 ден. |
| 32. Здружение Боди Билдинг клуб „ЕКСТРИМ ЏИМ 212“ Кавадарци | 90.840,00 ден. |
| 33. Кик Бокс Клуб „КАВАДАРЦИ“ Кавадарци | 68.130,00 ден. |
| 34.Здружение на рекреативци и екологисти „МЕРЕДИЈАН АТЛЕТИК ЕКО“ Кавадарци | 37.850,00 ден. |
| 35. Клуб за мал фудбал „КЛИМИ“ Кавадарци | 178.620,00 ден. |
| 36. Здружение „КАВАДАРЕЧКИ ДЕЛФИНИ“  Кавадарци | 37.850,00 ден. |
| 37. Здружение фитнес клуб „БУДО- ФИТ“ Кавадарци | 75.700,00 ден. |
| 38. Фудбалски клуб “Ваташа 2019“ с.Ваташа Кавадарци | 29.700,00 ден. |
| 39. Здружение одбојкарски клуб “ТИКВЕШ ВОЛЕЈ 2019 “Кавадарци | 163.700,00 ден. |
| 40. Здружение КК „Про Баскет 2019„ | 133.965,00 ден. |
| 41. Здружение РУТС-БЏЦ „Тиквеш„ | 98.410,00 ден. |
| 42. ФК „ДМД„ Возарци | 59.540,00 ден. |
| 43. Општински фудбалски сојуз Кавадарци | 40.000,00 ден |
| 44. ЖФК „Тиквешанка“ Ваташа | 29.700,00 ден |
| 45. ФК „Дреново“ с.Дреново | 44.600,00 ден |
| 46. Кошаркарски клуб „Еуро Никел“ Кавадарци | 200.000,00 ден |
| 47. Здружение сојуз на инвалиди Кавадарци | 52.990,00 ден |

| ВКУПНО: | **4.330.000,00 ден** |
|---|---|

Согласно Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапкатаза распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и поддршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци бр.08-7333/50 од 24.12.2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.5/21“), финансиски средства без бодирање на следните апликанти:

- **Професионален спорт – професионални акционерски друштва регистрирани на подрачјето на Општина Кавадарци**

| АПЛИКАНТ | **Финансиски средства** |
|---|---|
| 1. АД Градски фудбалски клуб “ТИКВЕШ“1930 Кавадарци | 5.000.000,00 ден. |
| 2. АД Градски Ракометен клуб „ТИКВЕШ 2014“ Кавадарци | 1.800.000,00 ден |
| ВКУПНО: | **6.800.000,00 ден** |

- **Општински сојуз на училишен спорт и училишни спортски клубови**

| АПЛИКАНТ | **Финансиски средства** |
|---|---|
| 1. Училишен спортски клуб„Тошо Велков-Пепето„ Кавадарци | 30.000,00 ден |
| 2. Училишен спортски клуб„Димката А Габерот„ Кавадарци | 30.000,00 ден |
| 3. Училишен спортски клуб „Добри Даскалов“ Кавадарци | 30.000,00 ден |
| 4. Училишен спортски клуб „Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | 30.000,00 ден |
| 5. Училишен спортски клуб „Страшо Пинџур“ Кавадарци | 30.000,00 ден |
| 6. Општински сојуз на училишен спорт на Кавадарци | 120.000,00 ден. |
| ВКУПНО: | **270.000,00 ден** |

- **Сојуз на спортови на град Кавадарци:** МАНИФЕСТАЦИИ, ТУРНИРИ И ПРОЕКТИ:
  -“Избор на спортист за 2022;
  -„Февруарски поход“
  -„Сестри Китеви“
  - „Сашко Нешковски“
  -„Ристо Танев “

„Стрит Баскет“
-„Опен Фан “
-„Сите на велосипед- 2022 “
-„Промоција и развој на атлетиката за деца од 6 до 10 години“
-„Ден на скејтбординг“
-„Ден на џудо спорт во Кавадарци“
-„Школа за пливање за деца од 7 до 10 години“
-„Турнир во мал фудбал за хуманитарни цели“
- Покривање на сите спортски активности, манифестации, турнири и проекти со „Радио-телевизиски и новинарски услуги„.

ВКУПНО : 600.000,00 **денари**

Финансиските средства за манифестации, турнири и проекти ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година - Програма Спорт, а ќе се реализраат преку Сојуз на спортови.

ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Кавадарци спортските манифестации ќе ги помага и со :
-почесно покровителство;
-доделување на награди и признанија;
-обезбедување стручна техничка и други видови на помош.
Општината на младите ќе им помага, преку :
-организирање на трибини, форуми, дебати на теми што се од нивен интерес;
-организирање на кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот;
-организирање на анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот дел од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци “.

Бр.08-347/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**27.01.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), расправајки по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата седница, одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Кавадарци предлага, при организирање на натпреварите од страна на општински сојуз на училишен спорт, училишни спортски клубови и Сојуз на спортови, Општина Кавадарци да се вклучи со обезбедување на скромни реквизити за учениците-навивачи на трибините, со цел да се развие спортскиот дух кај учениците, едукација за примерно навивање на спортските настани, а иствремено ке се постигне и подигање на училишниот спорт на повисоко ниво.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот дел од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци “„.

**Бр.08-347/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.01.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-657/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.01.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци" бр. 08/05...75/21),

Советот на Општина на 6-тата седница одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„бр.5/02), на член 28 став 1,

## П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2022 година

### Член 1

Во Програмата за Локален економски развој на општина Кавадарци за 2022 година („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр. 05/2021), се вршат следните измени и дополнувања:

I. Во Глава 1 Локален развој/ Регионален развој

- После под-глава 15, се ДОДАВА нова под-глава 16 која гласи:

- **„Изградба на сервисна улица "1" и станбени улици "2", "3" и "4" во ДУП "Дисанска" во општина Кавадарци"**. Проектот ќе се реализира во соработка со Бирото за регионален развој, преку програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување

на регионалната конкурентност. Вкупната вредност на овој проект изнесува 6.305.153,00 денари од кои 2.146.971,00 денари се обезбедени од Бирото за регионален развој, додека пак остатокот од 4.158.182,00 денари ќе бидат учество на општина Кавадарци.

Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-347/4**
**27.01.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-657/5**
**31.01.2022 година**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ"бр. 32/20) и член 132 став 1 и член 82 став 1 точка 6 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19,64/20, 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата седница, одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

## П Р О Г Р А М А
## За изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година

### Член 1

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.5/21), се врши следната измена и дополнување:

Глава: IV. Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица, се додава нова точка 47 која гласи:

48.„Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на инфраструктурни водови, односно делови и позиции од сите видови инфраструктури вон населените места и вон опфат на урбанистички планови, нивните помошни и придружни градби и инсталации со намена Е1-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, КО Дреново, Општина Кавадарци.

Површина на планскиот опфат-0,13 ха.

Граница на планскиот опфат:

-Линиската градба започнува на дел од КП 1007 КО Дреново, поминува на седина помеѓу КП 1011 и КП 1246, 1247 и 1248, па свтрува на запад на дел од КП 3338 и завршува на дел од КП 2048 КО Дреново.

Намена:

-Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури;

### Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во ("Сл. Гласник на Општина Кавадарци" ).

**Бр.08-347/5** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.01.2022 година** | **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-657/6** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.01.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** | **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 2 точка 4 и член 80 и 80-а од Законот за градење (“Службен Весник на РМ” бр. 130/2009....168/2018) , член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата седница, одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци бр. 08-6496/20 од 16.12.2020 година, бр.08-888/9 од 17.02.2021 година, бр.08-1461/52 од 12.03.2021 година, бр.08-3770/7 од 30.06.2021 година, бр.08-7099/7 од 14.12.2021 година, се врши следното изменување и дополнување:

-После точка 12. Фонтани и чешми се додава нова точка 13 која гласи:
„- Опрема за забава на деца и детски игралишта
1. Северен Булевар на дел од КП. 10165/1 со површина од 850 $м^2$ "
Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-347/6**
**27.01.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлука за уредување и опремување на детски игралишта во Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за уредување и опремување на детски игралишта во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-657/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.01.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002), член 67-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09....168/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19 и 18/20), Предмер пресметки за уредување на детски игралишта и арх.бр. 11-360/1 од 20.01.2022, и Програма за комунални дејности на општина Кавадарци за 2022 бр. 08-7333/13 од 24.12.2021 година, член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.Гласник на општина Кавадарци" бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата седница, одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за уредување и опремување на детски игралишта во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Се уредуваат и опремуваат детски игралишта во Градски парк – прв дел (детско игралиште) со арх.бр.11-360/1 од 20.01.2022 година, Градски парк – втор дел (гимнастичко моторички парк) со арх.бр.11-360/2 од 20.01.2022 година, населба Опитно поле до тениско игралиште со арх.бр.11-360/3 од 20.01.2022 година, населба Вељко Влаховиќ (кај зграда и на ул.Вељко Влаховиќ бр.6), со арх.бр.11-360/4 од 20.01.2022 година, населба Никола Минчев (кај фонтана на виното), со арх.бр.11-360/5 од 20.01.2022 година, населба Кочо Рацин, со арх.бр. 11-360/6 од 20.01.2022 година, населба Страшо Пинџур, со арх.бр. 11-360/7 од 20.01.2022 година, населба Игман (кај згради на ул.Игман бр.25), со арх.бр.11-360/8 од 20.01.2022 година, населба Крсте Мисирков (кај завод за вработување), со арх.бр.11-360/9 од 20.01.2022 година, булевар Моша Пијаде (позади згради Лепотици), со арх.бр.11-360/10 од 20.01.2022 година, на ул.Калница, со арх.бр.11-360/11 од 20.01.2022 година, населба Белка (позади згради на ул.Ѓорѓи Соколов), со арх.бр.11-360/12 од 20.01.2022 година, во село Ваташа (кај последен мост), со арх.бр.11-360/13 од 20.01.2022 година, месноста Моклиште, со арх.бр.11-360/14 од 20.01.2022 година, во село Бегниште со арх.бр.11-360/15 од 20.01.2022 година, во село Сопот со арх.бр.11-360/16 од 20.01.2022 година, булевар Никола Минчев (кај

зграда на ул. Булевар Едвард Кардељ бр.4), со арх.бр.11-360/17 од 20.01.2022 година, Парк за кучиња, со арх.бр.11-360/18 од 20.01.2022 година како што е предвидено во Предмер Пресметките со арх.бр.11-366/1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18 од 22.01.2021 година, од општина Кавадарци.

**Член 2**

Со уредувањето на детските игралишта се обезбедува изведување на градежни работи на детски игралишта кои се утврдени како игралишта од значење за Општина Кавадарци.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука се проект – пресметките наведен во член 1 од оваа Одлука.

**Член 4**

Општина Кавадарци ќе обезбеди финансиски средства од сопствен Буџет за изведување на градежните работи за реализација на одлуката, врз основа на проект – пресметките.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-347/7**
**27.01.2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлука за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко планска документација за објекти надвор од плански опфат**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко планска документација за објекти надвор од плански опфат, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-657/8** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.01.2022 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија"бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.31/16, бр.190/17) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/2021), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата седница, одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

## О Д Л У К А

**За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, со што ќе се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. Барање бр.15-562од 06.12.2018год. на барателот Ќиро Тодоров од Кавадарци со стан на ул„Карпош„бр.12,за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Викенд куќа,зграда бр.1 изграден во мв„Бојкова ливада„на КП бр.359 КО Куманичево.
2. Барање бр.15-937 од 31.12.2018год. на барателотМагдалена Орешкова од Кавадарци со стан на ул„Ѓорѓи Соколов„бр.64,за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Крушите„ на КП бр.352/1КО Горниково.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-347/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.01.2022 година Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програма за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста" во 2022 година со Заклучок**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста" во 2022 година со Заклучок, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-657/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**31.01.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата седница, одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

П Р О Г Р А М А

**за активностите на општина Кавадарциво промоција на „Комуникација сојавноста“ во 2022 година**

Комуникацијата со јавноста е приоритет во воспоставувањето на добри релации на Локалната Самоуправа сограѓаните и сите корисницинауслугите на Општината. Од тука произлезе потребата за подготовка на оваа Програма за Комуникација со јавноста,која се базира на искуствата во работењето на Службата за Комуникации со јавноста во општина Кавадарциво изминатите години.

**I. Развојниприоритети и цели**

Програмата дефинира повеќе приоритетни активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавностна Локалната самоуправа социелните групи: граѓаните на Општина Кавадарци како општа јавностисите сегментирани јавности, медиумите, институциите,НВО-секторот како и сите други заинтересирани страни:

-Транспаретно и секојдневно информирање на граѓаните за работењетонаОпштината.

- Подобрувањенадвонасочнатакомуникацијавосеопфатност, квалитет и користењенаситесовременииканалинакомуникација.ЗатааацелнеопходнисеследнитеактивностикоиќебидатфинансиранииодБуџетотнаОпштината.

| Проекти |
|---|
| **1.Обезбедување транспарентностнаработатанаопштинскитесекторипреку, созаконпропишаниобврски (огласување и сл.)** |
| **2. Издавањенаопштинскојавно гласило „Кавадаречки ИНФОРМАТОР“** |
| **3. Изработкана: Плакети, признанија, сувенири и другвиднаобележја** |
| **4. Летоци и брошури (отчет)** |
| **5. Брошуратуристичка** |
| **6. Туристичкакарта** |
| **7. Пригодна хартиена и картонска амбалажа** |

## II. Проектниактивности

**ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

| 1. | **Обезбедувањетранспарентностнаработатанаопштинскитесекторипреку, созаконпропишаниобврски (огласување,** |
|---|---|
| **Описнаактивности:** | Општинатавршиконтинуиранилипериодичензакупнапросторвотрадиционалнитемедиуми(**печат**), согласноодредбитенаразличнипредметнизакони заогласување: (пр. Законзаурбанизам и урбанистичкопланирање, |

| | |
|---|---|
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Освентранспарентноста како етичка изаконскаобврскавокомуникацијатаналокалнатавластсозасегнатитепублики, посилатананеколкуразличнипредметнизакони, одразличнисферинаработењенасекторите, Општината е должнадагиинформирагарѓанитезаодреденисвоипроизводи (одлуки, решенија, конкурси) и услугикоитаагинуди.<br>✓ Некоизаконипредвидуваатогласувањевоповеќемедиуми (намакедонскијазик) некои и најазикразличенодмакедонскиот. |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Подобрувањенадвонасочнатакомуникацијавосеопфатност, квалитет и користењенаситесовремениканалинакомуникација, но и поголема и |
| **Целнагрупа:** | Граѓанитена Општина Кавадарци, инвеститори, медиуми, ученици, |
| **Предвиденафинансискарамка:** | **600.000**денари |
| **Реализатор:** | Општина Кавадарци преку -Печатени медиуми избрани на тендер. |
| **Трошоци:** | - Заогласувањепоситеоснови |

| 2. | **Издавањенаопштинско јавно гласило …ИНФОРМАТОР“** |
|---|---|
| **Описнаактивности:** | Општинатавоконтинуитетиздаваопштинскоинформативногласило-магазин„Кавадаречки ИНФОРМАТОР“коебесплатноседоставува до граѓаните во единечен тираж од 500 примероци, |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Целта е информирање и афирмацијанаактивноститенаопштинатананајне посреденначинпрекутрадиционаленпечатенмедиум.<br>✓ Соновинарскипристап и отвореностнамагазинотзапозначајнисегментиод живототна Општината дапостигнемеи информираностнаграѓаните |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Позитивен пристап кајситецелнипублики.<br>✓ Поголематранспарентностзаработата.<br>✓ Зголемувањенарејтинготналокалнатасамо управа, но и вклученостнаграѓанитевокреирањенасевк |
| **Целнагрупа:** | Ситеграѓани, одучилишнавозрастдотретодоба |
| **Предвиденафинансискара** | **425.000**денари |
| **Реализатор:** | компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | -Печатењена „Кавадаречки ИНФОРМАТОР“ |

| 3. | **-Плакети, признанија, сувенири и друг вид на обележја** |
|---|---|
| **Опиcнаактивности:** | Општината има обврска да одбележува значајни датуми и настани од својата историја. Општината е должна да ја негува традиција и култура во правец на зачувување и афирмација на трајните |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Општината да оддава признание на свои заслужни и истакнати граѓани, поединци и групи, кои постигнале резултати во одредени стопански и општествени области.<br>✓ Преку негување и чување на својата историја, традиција и култура, општината го јакне позитивниот имиџ за своето работење.<br>✓ Скромно се оддолжува кон членови од заедницата, како поттик за натамошни |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Подобрена слика во јавноста, како и подобрена медиумска перцепцијаза Општината, која знае да ги почитува нејзиниот потенцијал, традиција култура и |
| **Целнагрупа:** | Поединци кои со својата работа, залагање и активности постигнуваат значајни резултати во афирмација на Општината и граѓаните на Кавадарци |
| **Предвиденафинансискара** | **100.000**денари |
| **Реализатор:** | Компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | Изработка на Плакети, признанија, сувенири и друг вид на обележја. |

| 4. | **Летоци и брошури** |
|---|---|
| **Опиcнаактивности:** | Општината има обврска да ги информира граѓаните за трошењето на нивните пари од Буџетот. |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Да се издаде публикација во која на соодветен начин со текст, бројки и фотографии, ќе се презентираат резултатите од работењето на општината во буџетската година. |

| | |
|---|---|
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Зголемена транспарентност во запознавањето на граѓаните за тоа како и каде се трошени |
| **Целнагрупа:** | Граѓаните на општина Кавадарци. |
| **Предвиденафинансискара** | 90.000 денари |
| **Реализатор:** | Компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | Летоци и брошури |

| | |
|---|---|
| 5. | **Брошуратуристичка** |
| **Описнаактивности:** | Во делот на развојот туризмот Општината има задача да изготви промотивни материјали. |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Да се изработи и отпечати брошура во која преку текст, бројки и фотографии ќе се претставаат: природните, историските, |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Преку туристичката брошура на традиционален начин (печатена) се претставува туристичкиот потенцијал и |
| **Целнагрупа:** | Туристи, патници намерници, граѓани и медиуми. |
| **Предвиденафинансискара** | 90.000денари |
| **Реализатор:** | Компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | Брошуратуристичка |

| | |
|---|---|
| 6. | **Туристичка карта** |
| **Описнаактивности:** | Во делот на туризмот и неговиот развој Општината има задача да изготви промотивни материјали. |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Да се создаде продукт на хартија согласно стандардите кој ќе претставува туристичка мапа со претставени знаменитости на градот, |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ На туристите, патниците намерници и на граѓаните да им се понуди мапа за подобрена |
| **Целнагрупа:** | Туристи, патници намерници, граѓани и медиуми. |

| | |
|---|---|
| **Предвиденафинансискара** | **90.000**денари |
| **Реализатор:** | Компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | Туристичка карта |

| 7. | **Пригодна хартиена и картонска амбалажа** |
|---|---|
| **Описнаактивности:** | Општината во делот на протоколот има потреба од пригодна хартиена и картонска амбалажа за претставување пред гости и пријатели, дома и во странство |
| **Стратешкинасоки и цели:** | ✓ Преку брендиран производ со ознаките и обележјата на општината се надополнува протоколарното претставување |
| **Очекуванирезултати:** | ✓ Да се подари во културно спакувана |
| **Целнагрупа:** | Гости, деловни партнери, соработници на општина Кавадарци |
| **Предвиденафинансискара** | **30.000** денари |
| **Реализатор:** | Компанија избрана на тендер |
| **Трошоци:** | Пригодна хартиена и картонска амбалажа |

Вкупнопредвиденафинансискарамка со ДДВ:1.425.000 **денари**

## III. **Финансирање**

Финансирањетонаактивноститеутврденисооваа Програмавоизносод **1.425.000 денари**е предвиденосоБуџетотнаОпштинаКавадарциза 2022година.

Заактивноститеодобласташтогиопфаќа Програмата, а коисогласнопотребитеќесепојаватвотекотна 2022година, ќебидатпредвиденидополнителнифинансискисредстваодБуџетотнаОпштинаКавадарци.

## IV. **Завршниодредби**

Секторот заФинансии-Јавни набавкиќеизработатдинамичкипландсофинансискиивременскирамки заполесноимплементирањеиследењенареализирањетонапредвидени теактивностиворамкитенаоваа Програма.

Покренувањетонановиииницијативи, како и давањемислења и предлозизарадиостварувањенацелитенаПрограматаможедабидедело дбилокојСекторнаОпштинатавонепосреднасоработкасоГрадоначални кот и останатите сектори.

**Бр.08-347/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.01.2022 година Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), расправајки по Програмата за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста“ во 2022 година, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата седница, одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Кавадарци им се препорачува на Јавните претпријатија основани од Општина Кавадарци, сите веднаш и постојано да ги ажурираат своите WEB –страни заради поголема транспарентност во нивната работа, и достапност на информациите од јавен карактер до јавноста.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот дел од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци “„.

**Бр.08-347/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.01.2022 година Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

# РЕШЕНИЕ
## за објавување на
## Одлука за продажба на движни ствари - моторни возила во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за продажба на движни ствари - моторни возила во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-657/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.01.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 2 став 1 точка 4, член 3, 4, 46, 47, 48, 49, а во врска со член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), и член 132 став 1 и член 82 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата седница, одржана на ден 27.01.2022 година, донесе,

# О Д Л У К А
## за продажба на движни ствари – моторни возила во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање

### Член 1

Да се продадат движни ствари сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за

користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.101/19, 275/19 и 122/21) и тоа:

**1. Моторно возило марка VOLKSWAGEN POLO**

- Регистарски број: КА-6245-АС;
- Прва регистрација: 09.05.1996 година;
- Година на производство: 1996;
- Вид на возило: ПМВ;
- Марка и Тип : VOLKSWAGEN POLO;
- Број на шасија: WVWZZZ6NZTY175937;
- Број на мотор: AEV130641;
- Носивост или број на места: 5;
- Сила на мотор: 33KW;
- Зафантнина на мотор:1034cm3
- Врста на гориво: Бензин
- Боја: Бела.

**2. Моторно возило марка SKODA FELICIA 1.9D**

- Регистарски број: КА-6238-АС;
- Прва регистрација: 22.06.2001 година;
- Година на производство: 2001;
- Вид на возило: ПМВ;
- Марка и Тип: SKODA FELICIJA 1.9 D;
- Број на шасијата: TMBEHH61317357199;
- Број на мотор: AEF368415;
- Места за седење: 5;
- Сила и работна зафатнина на моторот: 47KW/ 1896cm3;
- Боја: Бела.

**Член 2**

Проценетата вредност на движните ствари од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај од извршена процена за утврдување на пазарна вредност на транспортни средства, изработен од ДТЛППУТ „Оптима Логистик АГ“ ДООЕЛ – Кавадарци, со деловоден бр.03-01/1 од 21.01.2022 година.

Висината на почетната цена за продажба на движните ствари од член 1 на оваа одлука изнесува:

- За движната ствар под реден број 1 износ од 26.755,00 денари;
- За движната ствар под реден број 2 износ од 38.869,00 денари;

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата за продажба на движните ствари од член 1 на оваа одлука изнесува:

- За движната ствар под реден број 1 износ од 535,00 денари;
- За движната ствар под реден број 2 износ од 777,00 денари;

## Член 3

Објавата за продажба на движните ствари од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- опис на движните ствари кои се предмет на продажба (назив, количина);

- почетната цена за продажба на движните ствари кои се предмет на продажба;

- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;

- време на започнување на јавното наддавање;

- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;

- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;

